**Известување за концентрација со која Арамко Оврсис Компани Б.В. Холандија, ќе стекне контрола над Лотос СПВ 1 сп. з о.о. Полска (предмет бр. 08-42/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 11.02.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Арамко Оврсис Компани Б.В. (Aramco Overseas Company B.V.), со регистрирано седиште на Шевенингсевег 62-66, 2517 КХ Хаг, Холандија, има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Лотос СПВ 1 сп. з о.о. (Lotos SPV 1 sp. z o.o.), друштво со ограничена одговорност од Полска, со регистрирано седиште на ул. Елбласка 135, 80-718 Гданск, Полска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Арамко Оврсис Компани Б.В.** е зависно друштво во целосна сопственост на Сауди Арамко.
**Арамко Оврсис Компани Б.В.** е друштво со деловни активности првенствено во Европа, Азија и Африка, нудејќи на своите поврзани друштва во Сауди Арамко глобалната групација широк опсег на услуги, вклучувајќи услуги на финансиска поддршка, управување со синџир на снабдување, услуги на техничка поддршка и разновидни услуги на административна поддршка. Сауди Арамко е примарно ангажирано со проспекциски геолошки истражувања, истражување, бушење и вадење јаглеароводородни супстанци и обработка, производство, рафинирање и пласирање на пазарот на овие супстанци.

Сауди Арамко нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија. Сауди Арамко нема потенцијални релевантни активности кои се однесуваат на снабдувањето на големо со гориво во Северна Македонија.

**Лотос СПВ 1 сп. з о.о.** е зависно друштво, во целосна сопственост на трговското трушство Група Лотос С.А. (Lotos Grupa S.A.), со регистрирано седиште на ул. Елбласка 135, 80-718 Гданск, Полска („Лотос“). Лотос СПВ 1 сп. з о.о ќе ги вклучи сите средства и вработени кои учествуваат во тековното работење или се неопходни за да се обезбеди одржливост и конкурентност на деловниот потфат за продажба на големо на гориво на Лотос Палива сп. з о.о. (Lotos Paliwa sp. z o.o.), зависно друштво, во целосна сопственост на Група Лотос С.А..
Според подносителот на известувањето релевантен пазар на кој се однесува концентрацијата е пазарот на снабдување со горива на големо.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.02.2022 година
Скопје